# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ФОНДОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА КИНА

**"Сл. весник на Р Македонија" број 44/99 од 16.07.1999 год.**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува со заем кај Фондот за меѓународна соработка и развој од Република Кина во износ од 12 мил. $.

Заемот од став 1 на овој член ќе се користи за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор, и тоа:

- 10 мил. $ ќе се користат за поддршка на инвестиционите активности на средните и мали претпријатија, а особено претпријатијата од секторот на индустријата, трговијата, транспортот и услугите;
- 1 мил. $ ќе се користат за одобрување на микро кредити на претпријатијата и на физичките лица кои вршат дејност и
- 1 мил. $ ќе се користат за финансирање на активностите на индивидуалните земјоделски производители.

**Член 2**

Заемот од член 1 на овој закон, Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина и го одобрува на Република Македонија со рок на враќање од 15 години, вклучувајќи грејс период од 5 години, годишна каматна стапка од 3,5% и годишна провизија од 0,75% на неповлечениот дел од заемот.

Условите по кои се доделува заемот, како и начинот на неговото користење, поблиску ќе се утврдат со Договорот за заем, којшто ќе се склучи меѓу Република Македонија и фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

**Член 3**

Владата на Република Македонија, преку Народната банка на Република Македонија, ќе го пласира заемот во износ од 12 мил. $, во комерцијалните банки, кои потоа ќе ги пласираат овие средства за намените од член 1 став 2.

**Член 4**

Министерот за финансии на Република Македонија ќе склучи договор со комерцијалните банки од член 3 за начинот на користењето, враќањето, обезбедувањето и евидентирањето на заемот кој им го доделува.

**Член 5**

Главнината, каматата и провизијата за заемот, Република Македонија ќе ги отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Главнината ќе се отплаќа по истекот на грејс периодот во 20 полугодишни рати.
Каматата и провизијата на неповлечениот дел од заемот, ќе се отплаќаат два пати годишно по првото повлекување на средствата.
Сервисирањето на заемот ќе се врши од средства кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила на денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".